# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

30.01.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.35 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н


## С о д р ж и н а


1.Заклучок за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина босилово за четврти квартал 2023 година (Образец К1,к2 и К3).
2.Одлука за давање на субвенции на ЈПКД„Огражден“-Босилово.
3.Одлука за обезбедени средства за експропријација.
4.Одлука за доделување на финансиски средства на КУД „Русалии“-Секирник за реализација на Програмските активности во 2024 година.
5. Одлука за доделување на финансиски средства на КУД Фолклорен Ансамбл„Гоце Делчев“-Босилово за реализација на Програмските активности во 2024 година.
6. Одлука за доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Програмските активности во 2024 година.
7.Одлука за домашно долгорочно задолжување на општина Босилово за финансирање на проект „Водоснабдителен систем во населеното место Дрвош-изградба на доводен цевковод и изградба на далековод со трафостаница“.
8.Извештај за реализација на Програмата за патишта.
9.Програма за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици за 2024 година.
10.Одлука за доделување на финансиски средства на ЗЛР„Гоце Делчев“-Босилово како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“ што ќе се одржи на 03.02.2024 година во хотел „Мона Лиза“ во с.Радово,во висина од 80.000 денари.
11.Одлука за доделување на финансиски средства на Јагода Трајкова од с.Бориево бр.141 како помош за покривање на лекарски трошоци,во висина од 10.000 денари.
12.Одлука за доделување на финансиски средства на Валентина Черкезова од с.Босилово бр.204А како помош за лекување во Република Турција на нејзиниот син Никола Черкезов,во висина од 60.000 денари.

13.Одлука за доделување на  финансиски средства на лицето Панче Ѓорѓиев од с.Радово како помош за подмирување на трошоците за болничко лекување на неговата ќерка,во износ од 12.000 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-193/1 за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3),донесен на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-206/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3)**

1.Се усвојува кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2023 година (Образец К1,К2 и К3).

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-193/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-194/1 за давање на субвенции на ЈПКД„Огражден“-Босилово,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-207/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на чл.36 ств 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл. 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година донесе:

О Д Л У К А

За давање на субвенции на ЈПКД „ Огражден “ Босилово

Член 1

Со оваа одлука се одобрува субвенционирање на Јавното претпријтие „ЈПКД Огражден Босилово“, како финансиска поддршка за покривање на тековни трошоци за непречено извршување на редовното работење, во текот на фискалната 2024 година.

Финансиската подршка ќе се трансферира на ЈПКД Огражден по потреба, но не повеќе од планираните средства на потставка 461130- Субвенции за јавни комунални претпријатија во Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Босилово“.

Бр.08-194/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-195/1 за обезбедени средства за експропријација,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-208/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за обезбедени средства за експропријација**

Член 1

Општина Босилово ќе обезбеди средства за експропријација на дел од катастарските парцели потребни за реконструкција на локалниот пат Турново – Иловица.

Член 2

Средствата за експропријација ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

Бр.08 –195/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово

(„Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-196/1 за доделување на финансиски средства на КУД„ Русалии“-Секирник за реализација на Програмските активности во 2024 година,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-209/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на КУД „Русалии“-Секирник за реализација на Програмските активности во 2024 година**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на КУД „Русалии“-Секирник за реализација на Програмските активности во 2024 година.

Член 2

Висината на финансиските средства што ќе се доделат од Буџетот на општина Босилово ќе биде определена за секоја активност посебно што ќе ја реализира КУД „Русалии“-Секирник во текот на 2024година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-196/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-197/1 за доделување на финансиски средства на КУД Фолколрен Ансамбл„Гоце Делчев“-Босилово за реализација на Програмските активности во 2024 година,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-210/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на КУД Фолклорен Ансамбл „Гоце**

**Делчев“-Босилово за реализација на Програмските активности во 2024 година**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на КУД Фолклорен Ансамбл „Гоце Делчев“-Босилово за реализација на Програмските активности во 2024 година.

Член 2

Висината на финансиските средства што ќе се доделат од Буџетот на општина Босилово ќе биде определена за секоја активност посебно што ќе ја реализира КУД „Гоце Делчев“-Босилово во текот на 2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-197/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-198/1 за доделување на финансиски средства на КУД„Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Програмските активности во 2024 година,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-211/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Програмските активности во 2024 година**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на КУД „Кирил и Методи“-Иловица за реализација на Програмските активности во 2024 година.

Член 2

Висината на финансиските средства што ќе се доделат од Буџетот на општина Босилово ќе биде определена за секоја активност посебно што ќе ја реализира КУД „Кирил и Методи“-Иловица во текот на 2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-198/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-199/1 за домашно долгорочно задолжување на општина Босилово за финансирање на проект„Водоснабдителен систем во населеното место Дрвош—изградба на доводен цевковод и изградба на далековод со трафостаница“,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-212/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 4 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр.62/05, 88/08, 355/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), Советот на општина Босилово на 35-та седница одржана на ден 30.01.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

За домашно долгорочно задолжување на општина Босилово за финансирање на проект **„ Водоснабдителен систем во населено место Дрвош -изградба на доводен цевковод и изградба на далековод со трафостаница“**

Член 1

Со оваа длука се уредува домашно долгорочно задолжување на општина Босилово, во висина од 9.910.577,00 денари, кај домашна деловна банка, а со цел обезбедување на финансиски средства за финансирање на капитален инвестиционен проект „Водоснабдителен систем во населено место Дрвош - изградба на доводен цевковод и изградба на далековод со трафостаница“

Член 2

Реализацијата на проектот опфаќа изградба на доводен цевковод и инсталирање на електричен далековод со трафостаница за потребите на водоснабдителниот систем во населено место Дрвош.

Со реализацијата на овој проект ќе се заокружи водоснабдителниот систем во оваа населено место, бидејќи дел од проектот односно, изградба на бунар со пумна станица за снабдување со вода за пиење е веќе реализиран. Целта е да се однесе водата од бунарот со пумпна станица до главниот резервоар за вода во селото од каде што гравитационо ќе се пушта во дистрибутивната мрежа и далековод кој треба да се изгради заедно со трафостаницата се неопходно потребни за електрично напојување на пумпната станица.

Оваа техничко решение ќе го надмине долгогодишниот проблем со водоснабдувањето во село Дрвош кој особено е актуелен во летниот период кога постојните извори на вода се намалуваат па и пресушуваат.

Вкупната должина на доводниот цевковод кој треба да биде изграден изнесува 2.522,6 метри.
Дијаметарот на цевките за вода кои треба да бидат поставени во ровот се со најразличен дијаметар односно: 63 мм, 90 мм и 110 мм.
Должината на далеководот кој треба да се изгради изнесува 1268 метри.
Вид на трафостаница која треба да биде инсталирана: Столбна трафостаница 10/0.4 KV со TP-100 KVA.

Член 3

За навремена и успешна имплементација на проектот, со проценета вредност од 9.910.577,00 денари за изградба на водоснабдителен систем во населено место Дрвош, општина Босилово ќе обезбеди финансиски средства со задолжување кај домашна деловна банка.

Член 4

Прифатливи услови на задолжувањето :
-Прифатлива каматна стапка: согласно каматните стапки објавени на веб страната на НБРСМ, за ваков вид на кредити.
-Прифатлив рок на отплата и грејс период: вкупен рок на отплата на заемот ќе биде максимум 4 години, вклучувајќи 6 месеци грејс период,
-Начин на отплата: квартално,
.

Член 5

Советот на општина Босилово ги овластува градоначалникот на општина Босилово и општинската администрација да превземаат активности пред Министертво за финансии за добивање на согласност за задолжување за долгорочно задолжување кај домашна деловна банка за реализација на капитален проект.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Босилово.

Бр.08-199/1 Совет на Општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Извештајот бр.08-200/1 за реализација на Програмата за патишта за 2023 година,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-213/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Босилово (Сл.гласник на општина Босилово бр.21/2014), Советот на општина Босилово на седницата одржана на 30.01.2024 година, го усвои следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на Програма за патишта**

Минатата година од Јавното претпријатие за државни патишта за 2023година, беа одобрени средства во висина од **2.363.318,00** денари. За реализација на оваа програма беа

предвидени изградби на улици во населените места:

1. Ул. Сарај КП бр.1703 КО Сарај
2. Ул. во с.Петралинци, КП бр.1353 и 1561/1 КО Петралинци
3. Ул. во с.Секирник, КП бр.3623 КО Секирник
4. Ул. во с.Секирник, КП бр.3277 КО Секирник,
5. Ул. во с.Секирник, КП бр.3291/2 КО Секирник,
6. Ул. Моноспитово КП бр.4182 КО Моноспитово
7. Ул. во с.Радово, КП бр.1290 КО Радово
8. Ул. во с.Турново, КП бр.2018 КО Турново,
9. Проширување на локален пат на влез во с.Дрвош во должина од 1000м и ширана од 1м.
10. Зимско и тековно одржување на улици и патишта
11. Крпење на ударни дупки на сите локални улици каде што има потреба

Со објавувањето на поедноставена отворена постапка по оглас бр. 11965/2023, постапката се спроведе во електронска форма а заврши со е-аукција. Како најповолен понудувач доби фирмата ДТЗПУ Бони Интерградба ДОО Струмица и се склучи договор бр. 03-1508/1 од 04.08.2023 година. Со кој договор се реализираа планираните улици согласно програмата за улици и патишта за 2023 година.

Предвидените средства согласно завршната ситуација бр.36/23 од 23.11.2023 година, се распределија на следниот начин:

- Ул. Сарај КП бр.1703 КО Сарај - Вредност – **1.114.314,00денари**
- Ул. во с.Петралинци, КП бр.1353 и 1561/1 КО Петралинци - Вредност – **926.831.00 денари**
- Ул. во с.Секирник, КП бр.3623 КО Секирник - Вредност – **822.000.00 денари**
- Ул. во с.Секирник, КП бр.3277 КО Секирник,- Вредност – **251.056.00 денари**
- Ул. во с.Секирник, КП бр.3291/2 КО Секирник, - Вредност – **317.729.00 денари**
- Ул. Моноспитово КП бр.4182 КО Моноспитово - Вредност – **820.387.00 денари**
- Ул. во с.Радово, КП бр.1290 КО Радово - Вредност **– 796.955.00 денари**
- Ул. во с.Турново, КП бр.2018 КО Турново, - Вредност **– 629.537.00 денари**
- Проширување на локален пат на влез во с.Дрвош во должина од 1000м и ширана од 1м. Вредност **1.669.438.00 денари.**

Дадените вредности во точките се со пресметан ДДВ од 18%.

Целокупната вредност согласно завршната ситуација изнесува **7.348.246,00 денари со ДДВ.**

Со објавувањето на набавка од мала вредност по оглас бр. 02005/2023, постапката се спроведе во електронска форма а заврши со е-аукција. Како најповолен понудувач доби фирмата ДГТПУ Џови Компани дооел с.Мокрино бр.213 и се склучи договор бр. 03-590/1 од 14.03.2023 година.

Предвидените средства согласно ситуацијata бр.206/23 од 15.12.2023 година, се распределија на следниот начин:

1. Крпење на ударни дупки на сите локални улици каде што има потреба и за тоа да се потроши асфалт од 94,39 тони асфалт во вредност од **594 324,75** денари.

Дадените вредности во точките се со пресметан ДДВ од 18%.

Целокупната вредност согласно завршната ситуација изнесува **594 324,75 денари со ДДВ.**

Разликата што се јавува од одобрените средства и парите во завршната ситуација општина Босилово на изведувачот ќе му ја исплати од сопствениот буџет.

Бр. 08-200/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 год. Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-201/1 за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Босилово за 2024 година ,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-214/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т. 6 од Законот за локална Смоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на општина Босилово ( Сл. Гласник на ОБ бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

За изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2024 година. Појдовна основа при изготвувањето на оваа Програма за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици во општина Босилово за 2024година е портебата на населените места за подобрување на условите во комуналната сфера. За реализација на Програмата финансиски средста ќе се обезбедат од следните извори на средства:
- Јавно претпријатие за државни патишта планираме средства во износ од **2 363 318,00 денари.**
- Буџет на општина Босилово во износ од **5 736 682,00** денари.

**Вкупно потребни финансиски средства 8 100 000,00 денари.**

Предлагам во Програмата за оваа година приоритет да дадеме на следните активности:

- **Изградба на улици**

12. Улица во с.Еднокуќево, КП бр.785, 786 КО Еднокуќево, 1 број, Вредност – 2 128 432,97 ден.
13. Улица во с.Робово, КП бр.1660 КО Робово, 1 број, Вредност – 1 007 409,66 ден.
14. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4518 и 4529/1 КО Моноспитово, ширина 3м, должина 230м, Вредност – 840 000,00 ден.
15. Улица во с.Моноспитово, КП бр.4353 и 3907 КО Моноспитово, ширина 3м,

должина 170м, Вредност – 626 481,86ден.

16. Улица во с.Петралинци, КП бр.1330 и 281 КО Петралинци, должина 264м, Вредност – 1 670 501,69ден.
17. Улица во с.Босилово, КП бр.4365 КО Босилово, должина 176м, Вредност – 727 173,82 ден.

**Вкупно за улици: 7 000 000,00 денари**

- **Зимско и тековно одржување на улици и патишта и крпење на ударни дупки по локалните улици и патишта.**

2. Зимско и тековно одржување за кое ќе бидат наменети **100 000,00** денари
3. Крпење на ударни дупки да се изврши на сите локални улици каде што има потреба и за тоа да се потроши асфалт од 100 тони во вредност од **1 000 000,00** денари

**Вкупно за крпење дупки и одрживање на патишта: 1 100 000,00 денари**

- **Вкупно за реализација на оваа програма се потребни 8 100 000,00 денари**

Од сретствата на Јавно претпријатие за државни патишта планираме средства во износ од 2 363 318,00 денари кои ке се дополнат со средства од општинскиот буџет за да се реализираат горенаведените планирани инвестиции во целост, како и зимско и тековно одржување на улици и патишта и крпењето на дупки. Разликата од планираните и одобрените средства ќе биде надоместена од буџетот на општина Босилово.

Динамиката за релизација на програмата ке биде во зависност од приливот на средствата кои треба да се обезбедат од ставките на буџетот на општина Босилово.

Бр. 08-201/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 год. Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-202/1 за доделување на финансиски средства на ЗЛР„Гоце Делчев“-Босилово како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“ што ќе се одржи на ден 03.02.2024 година,во хотел „Мона Лиза“ во с.Радово,во висина од 80.000 денари,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-215/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на ЗЛР„Гоце Делчев“-Босилово како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“,што ќе се**

**одржи на 03.02.2024 година,во хотел „Мона Лиза“ во с.Радово,во висина до 80.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на ЗЛР„Гоце Делчев“-Босилово како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“,што ќе се одржи на 03.02.2024 година,во хотел „Мона Лиза“ во с.Радово,во висина до 80.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-202/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-203/1 за доделување на финансиски средства на лицето Јагода Трајкова од с.Бориево бр.141,како помош за покривање на лекарски трошоци во висина од 10.000 денари,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-216/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Јагода Трајкова од с.Бориево бр.141 како помош за покривање на лекарски трошоци,во висина од 10.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Јагода Трајкова од с.Бориево бр.141 како помош за покривање на лекарски трошоци,во висина од 10.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-203/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-204/1 за доделување на финансиски средства на лицето Валентина Черкезова од с.Босилово бр.204А,како помош за

лекување во Република Турција на нејзиниот син Никола Черкезов, во висина од 60.000 денари,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-217/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Валентина Черкезова од с.Босилово бр.204А како помош за лекување во Република Турција на нејзиниот син Никола Черкезов,во висина од 60.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Валентина Черкезова од с.Босилово бр.204А како помош за лекување во Република Турција на нејзиниот син Никола Черкезов,во висина од 60.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-204/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-205/1 за доделување на финансиски средства на лицето Панче Ѓорѓиев од с.Радово ,како помош за подмирување на трошоците за болничко лекување,во висина од 12.000 денари,донесена на триесетипеттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.01.2024 година.

Бр.09-218/1 Општина Босилово
30.01.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Панче Ѓорѓиев од с.Радово како помош за подмирување на трошоците за болничко лекување на неговата ќерка,во износ од 12.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето Панче Ѓорѓиев од с.Радово како помош за подмирување на трошоците за болничко лекување на неговата ќерка,во износ од 12.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-205/1 Совет на општина Босилово
30.01.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.